Александар АТАНАСОВСКИ

УДК: 355.01(495.02)

# ВИЗАНТИСКИОТ МОДЕЛ ЗА РЕШАВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ

***Кратка содржина***

***Во** овој труд се обработени моделите за решавање на конфликтите во Византија. Конфликтите ги поделивма на внатрешни и надворешни, а според формата на военн и религиозни. Во зависност од тоа за каков конфликт станува збор Византија имала посебен метод за негово менаџирање и во многу случаеви, благодарејќи на мудрата политика успевала да го реши конфликтот во своја полза. Бидејќи целокупната историја на Византија е исполнета со различни видови на конфликти, се задржуваме само на поедини од нив за да ни послужат како примери за согледување на различните модели за нивно решавање.*

***Клучни зборови:*** *КОНФЛИКТИ, РЕЛИГИОЗНИ, ПОЛИТИЧКИ, НАДВОРЕШНИ И ВНАТРЕШНИ; КОЛОНИЗАЦИЈА, ФЕДЕРАТИ, ДАНОК, КУПУВАЊЕ НА МИРОТ, МИСИОНЕРСКА ДЕЈНОСТ, ПОЛИТИЧКИ БРАКОВИ, МОДЕЛИ ЗА РЕШАВАЊЕ.*

## Експозе

Историјата како наука за минатото секојдневно се среќава и со проучување на конфликтите. Под „конфликт" (лат. conflictus) историчарите подразбираме: судир; спор, борба, кавга; трагичен конфликт – судир со законите или должностите во кои пропаѓа еден човечки живот[1]. Во македонскиот јазик пак под конфликт се подразбираат две работи: 1. судир, спор, жестока расправија што се заканува да се заостри; и 2. вооружен судир, војна[2]. Токму овие вторите, за вооружените судири и начинот на нивно решавање ќе посветиме повеќе внимание во нашиот труд.

---

[1] Вујаклија М., Лексикон страних речи и израза. Београд 1986, 463.

[2] Речник на странски зборови во македонскиот јазик. Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје и Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Уредник д-р Толе Белчев. Скопје 2002. 332.

Да се пишува за конфликтите во Византија ( Источната Римска Империја) и начинот на нивното разрешување, значи да се даде преглед на целокупната историја на т.н. Византиска империја. Фактички самото постоење на таа Империја е конфликтно по дефиниција. Територијално и државно-правно Византија е наследничка на Римската империја, поточно таа е Источна римска империја[3], која додека постоела никогаш не се именувала како „Византија". Оттука, значи конфликтите започнуваат од името кое што во XVII век ѝ го даде француските учени Лаб и Диканж, а по нив го прифатиле и останатите, па денес ретко кој зборува за Источна римска империја, туку сите го употребуваат името Византија. Можеби со право, а можеби и не, се зависи од кој агол гледаме на работите. Токму затоа кога зборуваме за историјата на Византија не можеме а, да не се присетиме на изреката на Волтер кој што пишува дека: „постои историја, по смешна и од римската после Тацит, тоа е византиската историја"[4].

Територијално распространета на три континенти Византија доаѓала во конфликт со повеќе племиња и народи кои што живееле во нејзино соседство или повремено се населувале на нејзина територија. Затоа, кога зборуваме за „конфликти" во Византија и нејзиниот модел за решавање на истите треба да разликуваме неколку видови на „конфликти". Гледано од територијален аспект станува збор за внатрешни и надворешни конфликти. Потоа, според мотивот имаме религиозни и политички конфликти. Токму од различните видови на конфликти имаме и различни модели за нивно разрешување.

Кога станува збор за моделите за разрешување на конфликтите, не треба да се мисли дека Византија имала еден ист модел за таа цел. Напротив, во зависност од времето и интересот на владата, зависел и начинот на кој бил решаван конфликтот. Византиското раководство секогаш настојувало да го избере најповолниот начин за да го реши конфликтот. Но, и тука секогаш не било онака како што сакала Византија, бидејќи има случаи кога конфликтите биле решавани на јавна штета на Империјата.

Анализирајќи ги конфликтните ситуации во Византија, паѓа во очи еволуцијата на византиската дипломатија за нивно решавање. Се согледува усовршување на пристапот, па од неповолна состојба да се дојде во поволна, или од губитничка страна, да дојде во добитна положба.

---

[3] Острогорски Г., Историја Византије (фототипно издание), Београд 1969, 49.

[4] Преземен цитат од Льомерл П., История на Византия, Превод од френски: Р. Кръстанова-Канева, издателство Кама, 2002, 4.

Имајќи ги во предвид различните форми на конфликти и различните методи на нивното решавање, овде немаме за цел детално да ги елаборираме сите конфликти, туку целта е да ги покажеме во општи црти ( во глобала) различните пристапи при решавањето на конфликтите. За да нема забуни го применуваме хронолошкиот принцип, од кој може и најјасно да се согледа промената на пристапот во решавањето на конфликтите.

За да не западнеме во „конфликт" кога зборуваме за конфликтите во Византија прегледот го насочуваме на периодот од управувањето на Константин I Велики и го завршуваме со 29 мај 1453 година денот кога загинал последниот византиски император, убиен бранејќи ги ѕидините на Константинопол и завземањето на градот од Османлиите.

Впрочем „конфликтен" е само почетокот на византиската историја, крајот е сигурен. За почетокот ги земаме како пресудни двата настани од светско историско значење кои што се случиле во времето на владеењето на Константин I Велики. Тоа се „легализацијата на христијанството"[5] и изградбата на новата престолнина, свечено отворена на 11 мај 330 година[6]. Новата религија и новата престолнина се доволен аргумент за да ги поставиме почетоците и на „новата" историја на Источната римска империја. Рим бил центарот на паганството. Новиот Рим е центарот на христијанството, тоа е разликата меѓу старата и новата престолнина. Од почетокот до крајот поминале 1124 години. Тоа е период кој што неможе да се замисли без конфликти.

Всушност „конфликтите" довеле до пренесување на седиштето на државата на исток. Постојаните притисоци што ги вршеле германските племиња на западната граница довеле до идејата престолнината да се премести на исток-каде што била постабилна и посигурна состојбата. Од друга страна постојаните прогони и жестоките ликвидирања на христијаните не вродиле со плод, па во моментите на борба за престолот Константин I Велики се решил за епохалната одлука да го легализира христијанството со Миланскиот едикт 313 година[7], а потоа, истото да го наметне и како државна религија-325 година[8], една година по започнувањето на изградбата на новата престолнина.

---

[5] Легализацијата се случила со Миланскиот едикт; спореди: Коев Т., – Бакалов Г., Въведение в християнството. София 2000, 55-61; Бакалов Г., Византия. София 2000, 89.

[6] Острогорски Г., Историја Византије, 64.

[7] Льомерл П., История на Византия, 13; Коев Т., – Бакалов Г., Въведение в християнството, 57.

[8] За Првиот Вселенски Собор види: Коев Т., – Бакалов Г., Въведение в християнството, 84-91.

Новата религија дала нов пристап и во решавањето на конфликтите. Византија се наметнала како примарна и универзална заштитничка и проповедничка на христијанството. Нејзиниот император се прогласил за „наместник“ на Бога на земјата, а царството го уредил според „божјото царство“[9]. Токму таквата „теогонија“ ѝ овозможила на Византија во различни конфликтни ситуации да применува различни методи за нивно решавање.

Но, новата религија довела да се јават внатрешни, пред сѐ религиозни конфликти. Тие започнале со учењето на александрискиот свештеник Ариј насочено против единосушноста на Синот и Отецот, по него следуваат Несторијанството, монофизитизмот, македонијанството и сл.[10] За разрешување на религиозните конфликти византиските владетели се служеле со утврдената практика, а тоа било свикување на Вселенски собор, кој што под паролата за „заштита на вистинската вера“ сите учења што отстапувале од востановеното биле прогласувани за еретички, а нивните следбеници анатемисувани и прогонувани. Сето тоа било во склад со византиската космогонија. Императорот како наместник на Бога на земјата ја имал ингеренцијата на заштитник на црквата[11]. Црквата, пак како штитеник на императорот ја презела врз себе должноста да го подржува. Така, ако некој се спротивстави на владетелот, по автоматизам тој се сметал за противник и на црквата и бил прогласуван за еретик. Како еретик немал право да ги ужива благодетите на црквата. Присутна е и обратна релација, противниците на црквата се сметале за противници и на императорот и за нив биле применувани граѓанските закони. Таквата пракса на решавање на внатрешните конфликти била присутна во периодот на целата историја на Византија.

Византија како наследничка на Рим, го наследила и античкото сваќање за народите. Па така сите оние што живееле надвор од нејзините граници биле сметани за варвари. Со тие варвари Источната империја била скоро речиси во постојани конфликти. За решавање на тие конфликти се служела со различни методи, во зависност од времето и можностите на Империјата. Но, сепак доминира еден модел кој што бил применуван многу често, а тоа е праксата на „попуштање“ кон варварите. Знаеме дека поради честите војни и неродните години смртноста кај населението била голема, па се случувало цели региони да останат пусти-без население. Имајќи го предвид тоа, а и фактот што со војна неможела да ги спречи варварите да проди-

---

[9] Бакалов Г., Византия, 91.

[10] За ересите види: Коев Т., – Бакалов Г., Въведение в християнството, 77-130.

[11] Бакалов Г., Византия, 91.

раат на нејзина територија, Византија им допуштала на варварите да се населат на нејзина терирорија и да ги уживаат благодетите што им ги пружала Империјата. За противуслуга тие го прифаќале статутот на „федерати" пр. Вестготите[12], се задолжувале да ја бранат територијата на која биле населени, а земале учество и во византиската армија во борбите на други фронтови. Така „варварскиот" прилив ја освежил византиската армија[13].

За илустрација овде ќе ги наведеме примерите со Вестготите, Хуните и Остроготите од рановизантискиот период.

Во времето на владеењето на Валенс (364-378) 200 000 Вестготи наеднаш се населиле во Долна Мизија. Многу брзо потоа, незадоволни од односот на византиските чиновници, новодојденците кренале бунт. Во битката кај Адријанопол на 9 август 378 година „Римјаните" биле поразени, а Валенс убиен[14]. Теодосиј I успеал да ги задржи Готите и да им наложи договор, кој што ги поставил во положба на федерати. Но, по неговата смрт Вестготскиот предводник Аларих ги повел дружините во пљачка на Тракија, Македонија, Тесалија па дури и Пелопонез[15]. Аркадиј решил да се пазари со Вестготите, им дал право да се населат на нови територии во Илирија, а во исто време му ја дал на Аларих титулата „magister militum per Iliricum"[16]. Некои историчари се на мислење дека со тој чин императорот сакал да ги насочи Вестготите на Запад. Тоа доаѓа оттаму што во 410 година Аларих го зазел Рим[17]. Потоа Вестготите се населиле во Галија и Шпанија, но никогаш повеќе не се вратиле на Исток.

Местото на Вестготите набргу било заземено од уште поопасното племе-Хуни, кои веќе го достигнале брегот на Дунав (византиската граница со варварскиот свет). Своевремено Теодосиј II се задолжил да им плаќа годишен данок во злато, честа појава во византиската дипломатија за решавање на конфликти-купување на мирот. Но, откако на чело на Хуните застанал Атила, тој не се задоволува со тоа и извојувал од Теодосиј удвојување на данокот и титулата „magister militum"[18]. Сè уште незадоволен Атила во 441 година го поминал

[12] Льомерл П., История на Византия, 41; Острогорски Г., Историја Византије, 72.

[13] Острогорски Г., Историја Византије, 73.

[14] Острогорски Г., Историја Византије, 72; Льомерл П., История на Византия, 41; Barns T., The Battle of Adrianople; a Reconsideration II Historia, XXII/2 (1973), 336-345; Springer M., Novi odgovori in stara vprašanja o bitki pri Adrianopolu -ZČ, 48/4 (1994), 433-442.

[15] Зечевић Н., Византија и Готи на Балкану, 158.

[16] Острогорски Г., Историја Византије, 74.

[17] Исто, 75; Льомерл П., История на Византия, 42; Cameron A., The Mediterranean World in Late Antiquity AD 395-600. London and New York, 1993, 17 и 38.

[18] Льомерл П., История на Византия, 42; Cameron A., The Mediterranean World in Late Antiquity, 31.

Дунав, ги превзел Сирмиум и Наисус[19] и се насочил кон Константинопол. Теодосиј II тогаш војувал против Персија, бил принуден да потпише во 443 година понижувачки договор, според кој прифатил плаќаниот данок од императорот да биде утроен (зголемен тројно) и се задолжил да плати откуп за заробените од Хуните римски војници. При сето тоа во 447 година Атила повторно го поминал Дунав, ја опустошил Мизија и стасал дури до Термопилите[20]. И тогаш Империјата била принудена да се пазари.

Прв Маркиан се решил да го откаже плаќањето на данок на Хуните. Атила, овој пат ги повел Хуните на Запад и како што е познато, неговата војска била разбиена на Каталунското поле (451 год.)[21], а кога во 452 година Атила се враќал тој бил многу изнемоштен за да може веднаш да започне војна против константинополскиот император. Тој умрел следната година, а неговиот сојуз се распаднал[22]. Истокот бил спасен.

Итроста на византиската политика успева да отстрани и еден трет конфликт, тој со Остроготите. За време на Лав I на Остроготите им биле отстапени замји во границите на империјата[23]. Но, нивниот водач Теодорих не се задоволил со положбата на конзул, поради што го опустошил Балканскиот Полуостров и се насочил кон Константинопол. Во истото време настаните на Запад се одвиваат со голема брзина. Во 476 година водачот на едно германско племе Одоакар го симнал од престолот Ромул Августул и завладеал со Италија. Потоа тој добил лично од Зенон официјална дозвола да управува со Италија[24]. Бидејќи Одоакар пројавувал опасен вкус за независност, Зенон замислил како да го казни, а во исто време да се ослободи и од Теодорих. Тој го убедил последниот да тргне против Одоакар и во случај на успех сам да ја преземе управата над Италија. Теодорих го победил Одоакар и ја зазел Равена. Истокот пак бил спасен[25].

---

[19] Баришић Ф., Византиски Сингидунум. – ЗРВИ, XLIV, књ. 3, Београд 1955, 21; Велков В., Градът в Тракия и Дакия, 40-41; Frakes R., The impact of the Huns in the Balkans in Late Antique Historiography. – Migrations in Balkan History. Belgrade 1989, 41-45; Острогорски Г., Историја Византије, 77.

[20] Микулчиќ И., Антички градови во Македонија. Скопје 1999, 201; 253; Истиот, Варвари во Македонија во доцната антика, 248, бел. 5-6.

[21] Cameron A., The Mediterranean World in Late Antiquity, 38.

[22] За смртта на Атила види: Латинси извори за българската история, I, София, , 352-357; Тъпкова-Заимова В., Пенджекова Р., Византия през погледа на съвременниците й. Пловдив 2002, 42-44; Острогорски Г., Историја Византије, 77.

[23] Frakes R., The impact of the Huns in the Balkans in Late Antique Historiography, 41-45.

[24] Острогорски Г., Историја Византије, 82; Льомерл П., История на Византия, 43; Cameron A., The Mediterranean World in Late Antiquity, 33/4.

[25] Льомерл П., История на Византия, 43; Cameron A., The Mediterranean World in Late Antiquity, 31-32 ; Бакалов Г., Византия, 141-143.

Теодорих бил прогласен за суверен на Италија и за престолнина го избрал градот Равена, но се обратил кон императорот Анастасиј со молба да го признае, за да ја легитимира власта. Во истото време Анастасиј му дал на кралот на Франките Хлодвиг консулска титула. Достоинството на Империјата било спасено, таа го зачувала единството, а императорот целата власт над неа. Тоа било само привидно, бидејќи против единствениот Исток се поочигледно се исправа еден многу разединет Запад, каде што Остготите ја владееле Италија, Франките голем дел од Галија, Вестготите дел од Галија и Шпанија, а Вандалите Северна Африка. Дури во VI век Јустинијан I успеал да го врати текот на историјата и да воспостави единство на Империјата. Но, и тоа не довело до траен и целосен успех, по Јустинијан поделбата станала конечна[26].

Примерите од рановизантиската историја за решавање на конфликти преку населување на племиња и народи на византиска територија, биле следени и во подоцнежните периоди. На пример, биле преселувани Словени од Балканот во Мала Азија и им бил доделуван статус на „стратиоти“– слободни селани војници вклучени во византиската војска[27]. Слична политика Византија применувала и во судирите со Печенезите, Куманите и др. кои дошле во контакт со Византија.

Другиот модел на решавање на конфликти е „купување“ на мирот. Во тој случај имаме две релации. Едната е кога Византија е зафатена на друго боиште, таа плаќала данок на Персијци, Авари, Хуни, Араби и сл., а во друг случај кога Византија е надмоќна, тие ѝ плаќаат данок нејзе и така конфликтот бил решаван.

Третиот модел за решавање на конфликти било мисионерството. Мисионерството се практикувало за да се решат конфликтите со соседите. Претежно тоа се изведувало за да се договорат условите за мир, да се разменат заробениците, да се заштитат христијаните во случај спротивната страна да не е христијанска земја или пак да се склучи сојуз за полесно справување со конфликтната страна.

Примери за мисионерството како форма за решавање на конфликти има многу. Овде ќе се задржиме на најпознатите, кај Арабјаните (Сарацини), Хазарите, Моравците, Бугарите и Русите.

Во IX век Багдатскиот калифат на чело со Мутавакил станал многу моќен. Арабјаните ја прошириле својата држава за сметка на

---

[26] Льомерл П., История на Византия, 43; Бакалов Г., Византия, 185.

[27] За тие преселби види: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. Том први, Скопје 1981, 40-41; Острогорски Г., Историја Византије, 144; Ангелов Д., История на Византия, I, София 1965, 239 и сл.

Византија и под нивна власт паднале голем број христијани. Мутафакил бил голем противник на христијаните. Токму затоа, по склучувањето на мировниот договор во средината на IX век дошло и до мисионерска дејност од византиска страна[28]. Целта на мисионерите била двојна: размена на заробеници и заштита на христијаните. За втората задача биле ангажирани и дел од свештенството, познавачи на христијанството, меѓу кои бил и Константин-Кирил Солунски.

Меѓу другите активности, византиските мисионери требале да го објаснат христијанското учење и да ги убедат Арабјаните дека тоа не е ерес[29]. Мисијата имала делумен успех, Мутафакил се откажал од идејата за ликвидирање на христијаните, биле разменети заробениците. Но, војната продолжила и понатаму, па византиско-арапскиот конфликт морал да биде решен со „купување" на мирот. Имаме наизменично плаќање данок (трибут) од двете страни.

Во 860 година Византија дошла во конфликт со една нова сила-Русија. Тој прв конфликт ќе ја насочи надворешната политика на Византија кон таа нова земја и ќе ги отвори патиштата за мисионерска работа. Конфликтот со Русија од 860 година влијаел на византиско мисионерско ангажирање кај Хазарите. Мисијата кај Хазарите имала тројна цел: покрстување на Хазарите, склучување воен сојуз за борба против сите непријатели на Црното Море и против оние кои се спуштале од Север кон тоа море и на крај ослободување на 200 византиски заробеници од хазарско ропство[30].

Византиското мисионерско ангажирање во Велика Моравија било предизвикано од две причини. Првин тоа било склучениот германско-бугарскиот сојуз против Велика Моравија, а воедно тој сојуз бил закана и за Византија. Втората причина била судирот помеѓу Источната и Западната црква по однос на прашањето за свери на влијание. Во таа мисија биле ангажирани браќата Кирил и Методиј-веќе проверени мисионери со бројни свои ученици. Моравската мисија

---

[28] За мисијата кај Сарацините види: Иванов Й., Сарацинска (арабска) мисия на Кирил Философ. Известия на Института за литература при БАН, XVI, 1965, 91; Панов Б., Мисијата на Константин Философ меѓу Сарацините (Арабите). – Списание Историја, XX/2, Скопје 1984, 246-248; Поленаковиќ Х., Дипломатскиот значај на мисиите на браќата Кирил и Методиј со посебен осврт на Моравската мисија. – Зборник Кирил Солунски, 1, Скопје 1970, 199.

[29] Климент Охридски, Събрани съчинения, III, Пространи жития на Кирил и Методи. Подготвили за печат Б. Ст. Ангелов и Х. Кодов, София 1973, 92; 123-124; Сведоштва за Кирил и Методиј (словенски и латински). Избор, превод и белешки Р. Угриновска-Скаловска и Љ. Басотова, Скопје 1989, 22; Миловска Д., – Таковски Ј., Македонската житијна литература IX-XVIII век. Скопје 1996, 75.

[30] За Хазарската мисија спореди: Сведоштва за Кирил и Методиј, 26-42; 58-59; Миловска Д., – Таковски Ј., Македонската житијна литература, 78-89; 100; Кръстанов Т., Легенда Булгарика за българската държавност и светост. София 2003, 77.

имала привремен успех. Во Велика Моравија и во Панонија била воведена словенска богослужба на местото на латинската. Словенската богослужба и преводите на светото писмо на словенски јазик биле признаени и од папата Адријан II[31].

По крахот на мисијата, учениците на Кирил и Методиј се распрснале по словенските земји на Балканот каде што ја ширеле словенската богослужба и писменост.

Византиско-бугарскиот конфликт е стар колку и бугарската држава. Почнувајќи од 678-681 година, кога Византија го признала постоењето на бугарската држава меѓу Стара Планина и Дунав, па до крајот на средновековна Бугарија, тој конфликт повремено бил решаван на разни начини. Има периоди кога Византија плаќала годишен данок на Бугарија и обратно. Тука нема да навлегуваме во поединостите од тој аспект. Нас не интересира мисионерскиот метод на Византија за решавање на конфликтот со Бугарија.

За да го примени Византија тој метод влијаело тоа што во првата половина на IX век таа постојано трпела воjнички загуби од засилената бугарска држава. Немајќи друг излез Византија се одлучила преку воведување на христијанството во Бугарија, истата да ја стави во сферата на своето влијание. Од друга страна и бугарскиот владетел Борис исто така тежнеел кон тоа да го воведе својот народ во редот на христијаните.

По склучувањето на мирот во 864 година Борис прифатил да се покрсти и го примил името Михаил[32]. Таа негова одлука наишла на негодување меѓу болјарите. Но, покрај внатрешните проблеми во Бугарија, за Византија се појавил нов „конфликт". Борис намислил да бара покрстување и самостојна црква од Запад, од Рим. Тоа го поставува бугарското црковно прашање на дневен ред. По низа преговори и договори, благодарение на итрата византиска политика, на црковниот собор од 869/70 година било одлучено бугарската црква да се стави под јуриздикција на Цариградската, а богослужбата да ја вршат византиски свештеници[33].

Иако таа работа се разликува од типичната мисионерска дејност, сепак целта на византиските свештеници била преку црквата и богослужбата да го наложат византиското влијание во Бугарија. По

---

[31] За Моравската мисија спореди: Сведоштва за Кирил и Методиј, 44-50; 59-65; Миловска Д., – Таковски Ј., Македонската житијна литература, 91-95; 100-105; Кръстанов Т., Легенда Булгарика, 78-83.

[32] За покрстувањето на Борис види: Божилов И., – Гюзелев В., История, 171 и таму наведената литература.

[33] ИБИ VII– ЛИБИ II, 208.

враќањето на Кирило-Методиевите ученици од Велика Моравија (886 год.) Византија премолчно дозволила тие да ја вршат богослужбата на словенски јазик во Бугарија, се со цел да ја задржи истата во сверата на своето влијание.

Првите контакти на Византија со Русија датираат од 860 година. Тие контакти влијаеле Византија да ги насочи своите погледи кон таа земја. Но, до вистинска мисионерска работа дошло еден век подоцна и тоа не поради византиско-руски конфликт, туку поради внатрешен конфликт во Византија. Во 986 година по битката кај Ихтиман, против Василиј II се кренале Варда Фока и Варда Склир. Василиј II немајќи друг излез побарал помош од Руситe и благодарение на таа помош успеал да го ликвидира бунтот и да се зацврсти на престолот[34].

Тоа руско ангажирање било платено, покрај со пари, со праќање на византиска принцеза за жена на рускиот владетел Владимир и со покрстување на Русите, кои што во 988/9 година го примиле христијанството од Византија[35].

Четвртиот модел за решавање на конфликти бил преку династички или политички бракови. Пракса долго присутна во византиската надворешна политика. Поради просторот и времето овде ќе наведеме само неколку примери познати во историјата.

Како типичен пример го земаме решавањето на византиско-бугарскиот конфликт во времето на Симеон. Многу средства биле потрошени, за на крајот конфликтот да биде решен со мировен договор поткрепен и со политички брак склучен помеѓу наследникот на Симеон, цар Петар и византиската принцеза Марија Лакапин[36]. Задницата на овој брак е јасна, преку Марија да се зајакне византиското влијание на бугарскиот двор[37], а од друга страна преку бракот византискиот двор го оправдувал чинот на признавање на царската круна на Петар, вбројувајќи го така во редот на своите „духовни чеда". Тоа има посебно значење бидејќи византиската империја се сметала како „избран сосед" на Божјата промисла, преку која се остварува Божјата предодреденост. Мисијата на Ромеите како „посебен", „избран" народ, повикан да владее над другите народи[38]. Но, имајќи го тоа во

[34] Острогорски Г., Историја Византије, 288-290.

[35] Исто, 290.

[36] Божилов И., – Гюзелев В., История на средновековна България, 271-177 и таму наведената литература.

[37] Андреев Й., Любовните истории б българското средновековие. Велико Търново, 1996, 9.

[38] Спореди: Комнина Анна, Алексиада (встъпит. Статия, превод и коментар Я. М. Лиюбарски) Москва 1965, 391.

предвид може да се рече дека сме ја исклучиле можноста за постоење на друга империја во светот, бидејќи само така би могло да се сочува единството за кое се бори Промислата[39].

За Ромеите било очигледно присуството во некогашниот „orbis romanus“ (римски свет) и на други владетели освен константинополскиот император. Таа реалност не ги вознемирувала и според нивните гледишта не противречи на идејата за единствена законска империја. Согласно византиските сваќања, вселената се состои од една огромна, хиерархиски зависна роднинска заедница од народи и владетели, на чело на која стои „василевсот на Ромеите“, односно византискиот император. По него следуваат по редот на роднинството „духовните му чеда“ – владетелите на Ерменија и Бугарија, „духовните му браќа“ владетелите на Франките и Германците. На периферијата на хиерархијата се поставени малите локални владетели на Ерменија и Србија. Но, сите тие стојат многу пониско од византискиот император, не се титулираат како „василевси“ (императори) и затоа не ја нарушуваат идејата за една-единствена постоечка и вистинска империја[40].

Токму затоа Византија се согласила на династички брак со бугарскиот владетел кој иако се титулирал како цар, стоел на пониско ниво од византискиот василевс. Освен тоа преку византиската принцеза владата во Цариград во секое време можела да ги дознае намерите и плановите на бугарскиот владетел. Цар Петар останал верен на сопругата Марија и мирот помеѓу Византија и Бугарија никогаш не бил постабилен[41].

Друг пример, малку поинаков, е бракот на српскиот крал Милутин со принцезата Симонида. До тоа дошло по долготрајните српски упади и навлегувања во византискиот дел од Македонија. При тие српски продори Византија ги изгубила Двата Полога, Скопје, Злетово, Овче Поле, Пијанец, Поречје и Кичевската област[42]. Византија се обидела со воена сила да ги врати изгубените територии, но не успеала. Затоа, за да го избегне срамот на поразена сила, таа прифатила да се воспостави мир кој ќе биде затврден со династички

---

[39] Gasquet A., L'Empire et la monarchie frangue, 1888, str. 283.

[40] Dölger F., Die „Familie deg königne“ in Mittelalter. – In: Byzanz und die europäische Staatenwelt. Ettal 1953, 37; Бакалов Г., Византия, 70.

[41] Андреев Й., Любовните истории, 12-13.

[42] За српските завладувања види: Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило, изд. Ђ. Даничић, Загреб 1866, 108-109, според преводот на Л. Марковић, СКЗ Београд 1935, 82; Биографија на крал Милутин од Данило II (превод Даничић), Прилог на В. Мошин, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, II, Скопје 1977,362.

брак. Иако до моментот на преговорите 1298 година, Милутин имал три жени, поради значењето на мирот Византиската влада ги прекршила своите норми и бил склучен брак меѓу Милутин и малолетната Симонида[43].

За одбележување е една од клаузулите во договорот за мир, а тоа е: „освоените територии во Македонија, кралот Милутин ги добива како мираз (зестра)“[44]. Оваа форма е многу интересна и има посебна дипломатска важност. Прво, пред меѓународната јавност излегува дека тие територии се подарени, а не освоени[45]. Друго, што е посебно значајно е формата под која се дадени, „како мираз (зестра)“. Оваа форма има посебно политичко-правно значење. Согласно византиските закони, почнувајќи од Еклогата (726 година) каде се регулирани брачните односи, постои и одредба за предбрачните и брачните дарови. Меѓу другото е предвидено во случај на пропаѓање (неуспех) на бракот, брачните дарови се враќаат[46]. Во конкретниот случај тоа значело, ако бракот меѓу Милутин и Симонида не успее, тогаш териториите што тој ги освоил во Македонија, а потоа му биле дадени како мираз требало според правните норми да ѝ бидат вратени на Византија.

Нешто слично имаме и во случајот на Константин Тих при вториот негов брак со роднината на Михаил VIII Палеолог – Марија (1268 година), ќерка на сестра му Евлогија. Штедроста на Михаил VIII им изгледала на Бугарите безгранична, меѓу другото, тој бил готов да ги врати на Бугарите како мираз на Марија богатите црноморски градови Месемврија и Анхијало[47]. Ова ветување не било исполнето, иако бракот бил склучен, Византија ги задржала спорните градови.

Слични примери имаме и во односите на соседните држави, Србија и Бугарија. Во интерес на мирот и постабилен сојуз се прибег-

---

[43] Поопширно за бракот на Милутин со Симонида види: Gregorae N., Bizantina historia, I-III, ed. L. Schopenus, Bonnae 1829-1850, I, 203; ГИБИ, XI, 140; Ласкарис М., Византијске принцезе у средњовековној Србији. Београд 1926, 62; Мошин В., Балканската дипломатија и династичките бракови на крал Милутин. – Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, II, 187-190.

[44] „...и да ми он ѵзи ӡемлю ѵ прикию“, Новаковиќ С., Законски споменици, 477; Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I, Скопје 1975, 313; Мошин В., – Славева Л., Сводна грамота на крал Милутин на Хиландар и пиргот Хрусија, веројатно од 1303 година. – Споменици, I, 299; Мошин В., Грамотите на манастирот Св. Георги Горг – Скопски. – Споменици, I, 128.

[45] Мошин В., Балканската дипломатија, 191.

[46] Эклога византийский законодательный свод VIII века. Вступительная статья, перевод, коментарий Е. Э. Липшиц, Москва 1965, титул I, 3, стр. 44.

[47] Божилов И., – Гюзелев В., История, 513; Андреев Й., Лјубовните истории, 66-67.

нувало кон династички брак. Сето тоа било по примерот на Византија.

Тоа се главно основните модели на Византиската дипломатија за решавање на конфликтите. За кој модел ќе се определела, зависело од моменталната ситуација. За Византија било  важно да се реши конфликтот во нејзина полза. Средства не се бирале, било важно само да опстои империјата и да го одржи своето реноме на универзално царство од кое зависеле барем формално правно нејзините соседи, чии што држави изникнале на некогашната територија на Римската империја.

Следејќи ги постапките на византиската влада слободно можеме да констатираме дека тие во целост ја потврдуваат вистинитоста на изреката „целта ги оправдува средствата“.

Aleksandar ATANASOVSKI

## BYZANTINIAN MODEL FOR SOLUTION OF CONFLICTS

### Summary

*Under the term „conflict" historians understood: dispute, struggle, quarrel, tragic conflict– clash with laws or duties in which a human life fell; violent trial, armed conflict, war. Relating with the different notion of the conception of conflict, we can group the conflicts in several aspect: political and religious, internal and external. In accordance with the belonging to the category of the conflict, there were particular ways of the conflict's solution. There were different ways of solution of conflicts and its implementation, depending of the time and the interest of the government and international position. Analyzing the conflict's state it is obvious the evolution of the way of work of the Byzantine diplomacy. Further we shall give several different models for solution of the conflicts.*

*Religious conflicts were solved with the convocation of the Ecumenical Synod. Its decisions were obliged for all parties, including the Emperor. Those one who did not respect the decisions of Ecumenical Synod, were declared for apostates. In majority of the cases the state and the Church were on the same side.*

*The conflicts with the Barbarians were solved with their colonization on Byzantine territory and their including within the framework of imperial army as a federate. It was not unusual a Byzantine tactic for directing Barbarians to wage war between themselves.*

*In some cases of international conflict, Byzance implemented the model of „buying" of peace. If the enemy was powerful than Constantinople paid tax. On the contrary the enemy did the same.*

*As a particular model for solution of the conflict was missionary directed towards Byzantine neighbors Arabs, Chazars, Moravians, Bulgars and Russians. A special model of the solution was political marriages. We give examples with Bulgaria and Serbia. With the political marriages Byzantine influence was spreading in the countries where Byzantine princesses were sending.*